

**Т**упаев, етногенородниот момент го согледува преку “древното буквено фонетско (гласовно) писмо и современото било употребувано во континуитет дваесет милениуми пред Христа”, и аргументите на Рускиот научник Дитјакин велат “Словените на Балканот не дошле од зад Карпатите и ‘карпатската теорија’ е неоснована”, кое мислење го има и рускиот академик Гриневич, додавајќи “предците на современите Словени биле Пелазги и пратетковинскиот јазик иако егзистирал на далечни растојанија се наоѓа со исти негови зборови”, а исто така и полјакот Lehr Splavinski, Босанецот Srevan Verkovič, Словенечките венетолози Savli, Tomazič, Bor, Италијанецот Devota, востановиле дека “Венетите биле предци на Словените; ставовите на овие автори се идентични со античките автори”. [1]

**Н**ајстарата сочувана јазична база или средина се одредува според живите архаични јазични норми, стандардизирани низ говорните сведоштва кои се во сооднос со

сочуваните сопствени архаизми и јазичната зона, која егзистира со влијанијата на сопственото осовременување и развој на писменост, книжевност и литература, заснована врз денес живите лингвистички древномакедонски корени.

**С**удбината на тие состојби добива частично-основна ревизија со текот на стојалиштата низ времето, и со жалење можеме да констатираме дека се прескокнува древнонаследното и живо македонско-говорно писмено-јазично постоење, кое денес современо егзистира и во литературен македонски јазик, и може да послужи за разврска на сите досегашни дилеми.

**Е**врејскиот крал Agripa, Македонците ги претставува како етногенороден народ; истото го вели и историчарот Plutarh; иста потврда даваат хроничарите Arrian, Polibius, Strabon, Titus Livius, Siculus, Isokrat, Thukidid, Атинскиот оратор Demosten… Сите зборуваат за Македонците како засебен род, “македонските цареви гиословувале со етниконот Македонец, Македонци, и јазикот и писмото македонски”; [2] а “истото го прави и Herodoth, употребувајќи ги истите термини за посебната држава Македонија”, со етногенороден македонски народ”.
[3]
[4]

**Т**итуларните називи цар и крал во областа Македонија датираат од времето на македонскиот цар Македон и неговиот син крал Европ, кога започнува првата светска генеалогија (династичко владеење), што покажува дека Македонија аргументирано со артефакти од 11-от до 7-от милениум п.н.е. е територија на организирани општества со сите атрибути, а државата Македонија започнува пред 5.620-та година п.н.е. со “Зетот Пир Македонски”, и откога македонците создавајќи вредности (постулати), се зачуваа и опстојуваа како Македонски народ одликувајќи се со свест за посебен народ, востановувајќи духовни, световни и културни темели, кои и денес живо сведочат преку круцијалните ракописи на плејада умови како Херодот, Вајгал, Фалмераер, Хеичелхем и уште дваесетина други светски авторитети.

**С**о својата местоположба помеѓу 40 и 42 степен северна географска ширина со излез на Егејско море, Македонија била крстопат на светските патишта, епохи и трендови од милениумското живеење-владеење на суштеството човек, а траги од цивилизациски

живот од најстарата неолитска еволуција со Пелазгиско-древномакедонско население кое ја создаде првата светска држава на чие чело бил македонскиот цар Пердика I, кого Херодот го означил основоположник на македонската држава, и владеел во VII век (707-645 година п.н.е.).

“**Л**егендите од митологијата се преземени од современиците на Хомер, кои и нивните дела ги пишувале на пелазгиски јазик, служејќи се со пелазгиско писмо“ [5] кои примери говорат до која крајност одат фалсификаторите, а до исти сознанија дошол и Diodor Сицилијанецот кој укажува дека кралот на Феникијците(Венетите) Кадмо (1391-1313 година п.н.е.) уште пред два милениуми се служел со Венетско(Феникијско) древномакедонско писмо, наречено ‘црти и рески’, односно Античките Македонци имале свое гласово (фонетско) писмо повеќе од единаесет милениуми п.н.е., за што говорат несоборливи артефакти и безброј епитафи од надгробни споменици.

“**С**родноста меѓу македонските глоси и старофригискиот јазик ја потврдуваат 250 натписи, имено, сите имаат словенско потекло”, [6] “зачуваните македонски глоси, називи, лични имиња и патроними се содржани на натписи од Бригите (Фригите) ”, [7]
но најновите епигравски артефакти се врзуваат со современиот македонски јазик, бидејќи Бригите се супстрат на антично-македонскиот јазик, и добро е што голем број лингвисти ги отфрлаат етимолошките измислици разоткривајќи ја вистината за древните Антички Македонци.

**Е**ден дел од Древномакедонската племенска група Бриги со свој крал Мида син на Гордион во периодот меѓу 2.700 и 2.500 година п.н.е. преминале на азискиот континент на територијата наречена Фригија, односно Мајонија, и соседната област исто така била населена од древномакедонската племенска група Венети на територијата Пафлагонија, кога Феникијците (Бригите) т.е. “древните Македонци на азиските простори формирале две држави, Сидонија во Персија и Тиреја во Либан”, [8] во кои држави живеело еднородно и еднојазично древномакедонско население, и “значајно е тоа што учествувале во сите битки на царот Александар III Македонски”, [9]
а Herodoth ни открива и дека “Бригите-Фригите” биле постар народ од Египќаните кое го потврдува и Египетскиот крал Psametih I (654-609 година, п.н.е.).

БЛАГОЈ ТРАЈКОВ

[1] Види пошироко: Д-р. Петар Поповски. “Украдена Историја”, 2009.

[2] Herman Konder and Werner Hilgemann, The Penguin Atlas of World…, vol.1.p.111.

[3] Х.Џ. Велс, Историја света, Београд 1932, 18, 24 и 187.

Библија. Стар и Нов завет, Скопје, 2001, 413.

[4] Harold Albert Lamb, Alexander of Macedon: The Journey world’s, New York, 1946.

[5] Diod.., Siculi, lib.III.pp.67,4.

[6] Jost Gippert, Thesaurus indogermanischer Tedzt und sprachmaterialen, Frankfurt,2001.

[7] P. Kodderitzsch, Brygisch, Paonisch,Macedonisch во Ling, Balc, Vien,1985.pp.16-37

[8] Homer,Illiad…

[9] Квинтиј Куртиј Руф,Историја на Александар Македонски,Скопје,1998,276.